Машински факултет
Број 02-128/1
26.01.2023 год.
Скопје

Врз основа на член 69 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019 635/2022), Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, на 33-та редовна седница на 26.01.2023 година, ја донесе следнава

Одлука за утврдување на роковите за завршување на студиите на прв циклус студии по студиските програми воведени во учебната 2017/2018 година

1. Со оваа одлука се утврдуваат роковите за завршување на студиите по студиските програми воведени во учебната 2017/2018 година како и вклопувањето во студиските програми воведени во учебната 2022/2023 година.

2. Настава по предметите од студиските програми воведени во учебната 2017/2018 година ќе се одржува на следниот начин:

- За предметите од прва година на студии заклучно со учебната 2022/2023 година;
- За предметите од втора година на студии заклучно со учебната 2023/2024 година;
- За предметите од трета година на студии заклучно со учебната 2024/2025 година;
- За предметите од четврта година на студии заклучно со учебната 2025/2026 година.

3.1. Студентите кои нема да положат 100% од предметите од прва година по студиските програми воведени во учебната 2017/2018 година заклучно со учебната 2022/2023 година ќе се вклопат во студиските програми воведени во учебната 2022/2023 година.

3.2. Студентите кои нема да положат 100% од предметите од втора година по студиските програми воведени во учебната 2017/2018 година заклучно со учебната 2023/2024 година ќе се вклопат во студиските програми воведени во учебната 2022/2023 година.

3.3. Студентите кои по учебната 2025/2026 година нема да стекнат потписи за сите предметни програми воведени во студиските програми учебната 2017/2018 година ќе имаат можност да следат менторски најмногу до 2 предметни програми од четврта година во учебната 2026/2027 година.

3.4. Студентите кои нема да ги завршат студиите по студиските програми воведени во учебната 2017/2018 година заклучно со учебната 2028/2029 година ќе се вклопат во студиските програми воведени во учебната 2022/2023 година.

4. Крајниот рок за завршување на студиите по студиските програми воведени во учебната 2017/2018 година е до крајот на учебната 2028/2029 година.

5. Потписите стекнати за следење на предметите од студиските програми воведени во учебната 2017/2018 година важат до крајот на учебната 2028/2029 година.

6. Студентите, кои пред преминот на новите студиски програми се стекнале со статус на студенти кои не се финансирани до буџетот (кофинансирање) ќе го задржат истиот статус.

Одлуката да се достави до: наставно-научен совет, студентска служба и архивата на Факултетот.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев

Изготвил: Н. Алексиќ